РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 02.10.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6518 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ”бр.103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот ***англиски јазик*** за I одделение за деветгодишно основно образование за учениците со оштетен вид.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН ВИД

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## I ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, мај 2008

# 1. ВОВЕД

Предметот *англиски јазик*, како прв странски јазик е застапен во наставниот план за деветгодишното основно обрзование во сите три развојни периоди на деветгодишното основно образование почнувајќи од прво одделение па сé до крајот на деветтото одделение.

Застапеноста на предметот во наставниот план за деветгодишното основно образование се должи на современите тенденции во образовните системи на повеќето земји од Европската унија, каде што на изучувањето на првиот странски јазик му е посветено посебно внимание. Имено, со негово изучување се започнува од најмалата возраст на учениците, т.е. од првата година на задолжителното основно образование.

Современата настава по странски јазици за учениците од 6 до 14 години ја определуваат широко сфатената цел за усни и писмени комуникациски компетенции на странскиот јазик проширени со читачки, социокултурни и интеркултурни компетенции. Наставата е насочена на ученикот како субјект на наставниот процес, неговиот когнитивен-афективно-социјален развој, односно на развојот на неговата самостојност во учењето и стекнување на стратегии на учење како основа за доживотно учење.

Предметот англиски јазик во прво одделение се изучува со1 (еден) час неделно, односно 36 часа годишно и има статус на задолжителен предмет.

Појдовни основи во изготвувањето на наставната програма за I (прво) одделение во деветгодишното образование се:

- Програмскиот документ *Концепција за деветгодишно основно образование* (содржини и организација на воспитно-образовната дејност) од 2007 година;
- *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* (теориските основи и целите на современата настава по странските јазици и нивоата на компетенциите за комуникативна употреба на странскиот јазик).[1]

---

[1] Како ориентација во однос на нивоата на јазичните компетенции кои учениците би требало да ги постигнат на крајот на одделни воспитно-образовни периоди на основното образование предвид се земени насоките од *Заедничката европска референтна рамка за јазиците,* кои разликуваат вкупно шест нивоа на комуникативно користење на странскиот јазик. Во подрачјето на елементарното ниво се нивоата А1 (подготвително ниво/Breakthrough) и А2 (темелно ниво/Waystage), во подрачјето на самостојното користење на јазикот нивоата Б1 (преодно ниво/Threshold) и Б2 (самостојно ниво/Vantage) и во подрачјето на компетентното користење на јазикот ниво Ц1 (напредно ниво/Effective Operational Proficiency) и Ц2 (највисоко ниво/Mastery).
Во условите на учење на странските јазици во Република Македонија учениците по првите три години на учење на странски јазик (од I до III одделение) можат делумно да го постигнат нивото А1 (подготвително ниво).

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да се мотивира за изучување на англискиот јазик;
- да ги развивива способностите и вештините за слушање и разбирање на едноставни јазични искази;
- да ги развива способностите и вештините за усно изразување, во согласност со возраста на учениците;
- да препознава и разбира зборови и куси едноставни реченици;
- да се оспособува да користи едноставен вокабулар во едноставни јазични искази;
- да се запознае со англиското писмо и неговата правилна примена на ниво на пишување познати зборови по спелување;
- да се воведе во некои елементи од културата на земјите со англиски говорен јазик и други култури, во согласност со возраста (развојниот период).

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи слухово и визуелно да препознава нови зборови;
- да може да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;
- да може да води едноставна комуникација на ниво на усвоениот вокабулар и со примена на јазични функции блиски на возраста на учениците;
- да покажува интерес за други култури.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Компонента 1. ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ[2] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| - да го разбере значењето на лексичките единици и да ги репродуцира. | Јас и другите | Моето семејство, моите другари | Активости од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, именување на членовите на семејството по даден постер, фотографии, флеш-карти, цртежи, тактилни модели и др. |
| | Училница | Предмети во училницата | Вежби од типот на посочување на конкретните предмети во училницата, нивно меморирање и репродуцирање; игри (од типот *Simon says…*). |
| | Играчки | Во училницата и во домот | Вежби од типот на слушање и репродуцирање, игри (Go and find…), препознавање и посочу-вање (Go and point…) од цртеж или слика, итн. |
| | Бои | Именување на најчесто користените бои (бела, црна, црвена, сина, жолта, портокалова, зелена) | Пеење песнички каде се спомнуваат боите; вежби со боење по диктат итн. |
| | Празници и родендени | Божиќ, Велигден, Нова година | Пеење песнички, изработување честитки и украси. |
| | Домашни миленичиња | Куче, маче, папагал… | Покажување слики од сликовници со домашни миленичиња и нивно именување, игри (со илустрирани картички од кои ученикот ја издвојува соодветната; имитирање на “говорот” на домашните миленичиња итн. |

[2] При обработка на новиот лексички материјал не треба да се воведуваат повеќе од 3-4 нови лексички единици по наставен час. Лексичкиот материјал сукцесивно се проширува и се повторува.



РЕПУБЛИКА ... МИНИСТЕРСТВО ЗА ... СКО...

| **Компонента 2. ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ**[3] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| - да ги разбере, разликува и активно користи формите од глаголот to be за прво и второ лице еднина во усна комуникација. | Present s. tense of to be | I am, You are | Активности од типот на претставување на себеси, другарчињата во училницата, игри од типот (I am a dog -You are a cat...). |
| - да го разбира значењето на глаголот to have во усна комуникација. | Present s. tense of to have | I have a dog | Слушање на исказ од наставникот кој истовремено користи и пантомима; демонстрација на присвојност преку покажување на предмети од сопствениот училиштен прибор и сл. |
| - да може да ја препознава и користи во усна форма категоријата еднина кај именките. | Именки во еднина | a pen, a cat......... | Вежби со сликовни прикази на предмети во еднина; именување предмети од непосредното окружување, цртање и сл. |
| - да може да ја препознава и користи во усна форма категоријата множина придружена со броеви. | Именки во множина | two brothers, two pencils..... | Вежби со сликовни прикази; цртање; песнички; бројалки и сл. |
| - да се запознае со формите за прво и второ лице еднина и соодветно да ги употребува во усната комуникација. | Лични заменки | I, you | Игри; говорни вежби. |
| - да може да го препознае значењето на показната заменка и нејзината правилна примена. | Показна заменка | This is | Конкретно вербално посочување на лица и предмети; именување по визуелни прикази (флеш-карта, постер и сл.). |
| - да го препознае значењето на присвојната придавка и нејзината правилна примена. | Присвојни придавки | My dog, Your sister | Говорни вежби со поттикнување преку покажување на предмети и лица. |

[3] Граматичките структури никогаш не се толкуваат експлицитно, туку нив учениците ги усвојуваат глобално во предложени јазични структури.

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да го разбере значењето на описната придавка и нејзината правилна примена при давањето описи. | Описни придавки како дел на предметот | This is a red ball. | Вежби со илустрации; вежби со покажување на конкретни предмети. |
| - да го разбере значењето на прашалните зборчиња и да може да даде соодветен вербален одговор. | Прашални зборови | What, who | Вежби од типот на: вербално реагирање на поставено прашање. |
| - да брои од 1-10. | Броеви | 1-10 | Песни со броење (Eeny Meeny Miny Mow...), игри со броење, цртање, и сл. |
| - да разбира, репродуцира и продуцира едноставни (куси) исказни реченици. | Едноставни (куси) исказни реченици | I have a ball. | Вежби од типот слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и повторување по слушнат модел; продуцирање на едноставни искази применувајќи го усвоениот вокабулар. |
| - да ги распознава заповедите и да реагира соодветно на нив. | Заповеди во рамките на тематските подрачја | Come here, Sit down, Stand up | Слушање на искази и соодветно реагирање на нив (TPR), игра од типот Simon says... |

| **Компонента 3. ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| - да ги користи неформалните форми на поздравување и отпоздравување. | Поздравување (неформално) | Hello! Hi! – Bye-bye! | Увежбување на формите на поздравување и отпоздравување по говорен модел (аудио снимки и наставникот како модел). |
| - да умее да се претстави себеси, како и своето другарче. | Претставување | I`m........<br>This is Kire........ | Увежбување на јазичната функција преку вербално искажување, користење на цртежи, фотографии и флеш-карти, песнички, рељефни модели и сл. |
| - да ги препознава и соодветно да ги употребува основните форми на | Основни модели на културно | Sorry......Thank you....Please | Учество во кратки дијалози (игри по улоги), драматизација и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| културно однесување во соодветна ситуација. | однесување | | |
| - да ги разбере, препознае и применува основните форми на честитање на празници и родендени. | Честитање на празници и родендени | Merry Christmas; Happy Bayrami, Happy New Year; Happy birthday | Цртање и боење картички; говорни вежби со рецитирање и пеење пригодни песни. |

| Компонента 4. СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| - да може да го разбере значењето на лексичките единици предвидени за изучување за оваа возраст. | Лексичка единица | A parrot, a teacher, a mother (mum)... | Невербално реагирање на: снимен материјал, говорен поттик, слики, постери, флеш-карти, рељефни модели игра од типот Simon says... (на пр., со покажување). |
| - да разбира едноставни искази. | Едноставни искази | Repeat, please!<br>Stand up!<br>I have a ball. | Вежби од типот на соодветно реагирање на слушнати искази (од аудиозапис или од наставникот, на пр., движење на телото, мимика, пантомима), невербално реагирање на инструкција од наставникот и сл. |

| Компонента 5. ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| - да ги изговара правилно и соодветно да ги применува лексичките единици предвидени за ова ниво за изучување на јазикот во рамките на предвидените јазични функции и граматички структури. | Моето семејство, моите другари | Mum, Dad; Hi! This is my friend. | Активности од типот на вербално повторување и продуцирање на едноставни исказни реченици преку: играње по улоги, бројалки, рецитирање и пеење, по можност проследено со движења, учество во кратки дијалошки ситуации и драмски изведби како потврда за |
| | Предмети во училницата | Board, window, chalk, doll, ball...<br>Open the window, please! | |
| | Бои | Black, white, red, blue, yellow....<br>This is a yellow balloon. | |
| | Имиња на празници<br>Родендени | Christmas, Easter, New Year<br>Merry Christmas! | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Happy birthday! | усвоеност на лексиката и структурите. |
| | Домашни миленичиња | A dog, a cat, a fish...<br>I have one black dog. | |

**Компонента 6. КУЛТУРА**

Содржините од Култура се застапени во сите компоненти во изучувањето на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента.

Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики преку воспитни и социолошки содржини како основа за развивање на толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр., преку имиња, празници, песни, игри, бројалки, комуникативни модели, паралингвистички елементи и др.).

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Планирањето и реализацијата на наставата за учениците со оштетен вид се одвива како и за останатата популација, но при реализацијата се применуваат специфични нагледни средства и помагала, како и реализација на вежбовни активности (вежби за видот, перипатологија-вежби за ориентација и движење, употреба на тифлотехника, усвојување на секојдневни социјални вештини, усвојување на Брајовото писмо).

Учениците со оштетен вид го запознаваат и откриваат светот, комуницираат и учат користејќи ги останатите сетила. Тие го користат остатокот на вид (доколку постои), но за нив најважни се тактилната перцепција, слухот и добриот говорен модел.

Во планирањето на содржините за прво одделение предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во прво одделение, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчиниот јазик.

Наставата по англиски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на мултисензорно (визуелно, аудитивно, тактилно и др.) и холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

Согласно горенаведеното во странскиот јазик не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.

Тежиштето на работата на часовите по англиски јазик во прво одделение е на усното искажување кое се поврзува со дадена ситуација во училницата, преку игри, драматизација, песни или движења со поттикнување на фантазијата и на креативноста на уче-

никот. Учениците во глобала, ги усвојуваат содржините механички (со репродукција), но битно е да се провери правилното разбирање на значењето на пораката вклучувајќи ги и културолошките елементи.

*Наставни средства:*

- прирачник за наставникот;
- пакет прирачен материјал за наставникот (флеш-карти, постери, играчки, рељефни модели);
- касетофони/касети со песни; компјутер со соодветен софтвер; ЦД ром, ТВ со ДВД;
- други извори на учење во непосредната околина - предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
- Интернет пристап, образовни софтвери;
- списанија за наставникот.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Следење на постигањата на учениците*

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.

**Битно е** поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл.

Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши описно при што наставникот има обврска во посебна тетратка континуирано да води забелешки за секој ученик посебно за неговото напредување согласно компонентите на јазикот предвидени со наставната програма за прво одделение.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение.

Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушнат подобро што се зборува и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата „U”, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација).

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР:

- завршени студии по англиски јазик и литература-наставна насока, VII [1].
- завршени студии по англиски јазик и книжевност, VII [1].
- завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1].
- завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик VII[1].
- завршени студии за предучилишно воспитување со модул за англиски јазик VII[1]

- со дополнителна дефектолошка дообразба согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. О6. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

1. Марија Симонова, советник за посебно образование, Биро за развој на образованието - Скопје
2. Адријана Прокопенко, наставник, ДУРДМОВ „Димитар Влахов” - Скопје

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *англиски јазик* за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1960/3
02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

-----------------------------------------------

Перо Стојановски,
министер за образование и наука

Скопје ____________________________